# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 16 | Четврток, 16.07.2009 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Градоначалник на општина Струмица:**

| р.б. | | Стр. |
|---|---|---|
| **267.** | **Одлука** за организирање на јавна анкета по Нацрт - Деталниот урбанистички план за дел од Блок 12 во град Струмица ..................................... | 2 |
| **268.** | **Одлука** за организирање на јавна презентација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за дел од Блок 12 во град Струмица ………………………..... | 3 |
| **269.** | Решение за именување на Комисија за спроведување на јавната презентација и јавна анкета по Нацрт – Деталниот урбанистички план за дел од Блок 12 во Струмица ............................................ | 3 |

**267.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ “ број 51/05 ) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл.гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна анкета по Нацрт - Деталниот урбанистички план за дел од Блок 12 во град Струмица**

1. Се организира јавна анкета по Нацрт - Деталниот урбанистички план за дел од Блок 12 во град Струмица со граничен опфат помеѓу улиците: „Балканска”, „Дрварска”, „Цар Самоил“ и „Гоце Делчев“.

2. Одлуката за организирање јавната анкета ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи, ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица” и средствата за јавно информирање.

3. Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од објавувањето на Одлуката.

4. Нацрт–Деталниот урбанистички план за дел од Блок 12 во град Струмица ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. ”Ленинова” во соба број 3.

5. Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

6. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во ”Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.08-4571/1 Градоначалник
16.07.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................................

**268.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05 и член 39 од Статутот на општина Струмица –пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у ка**
**за организирање на јавна презентација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за дел од Блок 12 во град Струмица**

1. Се организира јавна презентација по Нацрт–Деталниот урбанистички план за дел од Блок 12 во град Струмица со граничен опфат помеѓу улиците: „Балканска”, „Дрварска”, „Цар Самоил“ и „Гоце Делчев“.

2. Одлуката за организирање јавната презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи , ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица”и средствата за јавно информирање

3. Јавната презентација ќе се одржи на ден 30.07.2009 година во 10,00 часот во просториите на Дом на АРМ Струмица.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-4571/2 Градоначалник
16.07.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**269.**

Врз основа на член 24 точка 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 39 од Статутот на општина Струмица –пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06) , Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување на Комисија за спроведување на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт – Links Деталиот урбанистички план за дел од Блок 12 во Струмица**

1. За членови во Комисијата за спроведување на јавна презентација и јавна акета по Нацрт – Деталиот урбанистички план за дел од Блок 12, во Струмица ги именувам:

- Стојан Динев – Раководител на Секторот за урбанизам и комунални работи

- Тагасовски Благој – претставник на изготвувачот на Нацрт – планот;

- Александар Цицимов – дипломиран архитект надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната презентација на ден 30.07.2009 година во 10,00 часот во просториите на Дом на АРМ – Струмица, а јавната анкета во рок од 10 работни дена од денот на објавувањето на одлуките за организирање јавна анкета и јавна презентација.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 08-4571/3 Градоначалник
16.07.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.